РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0302-974/1
21.02.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Прв седумдневен извештај на Агенцијата**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Почитувани,

Согласно обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува првиот седумдневен извештај што се однесува на периодот од 14 до 20 февруари 2024 година.

Во него Ве информираме дека од 15 февруари, Агенцијата го започна мониторингот на изборното претставување за време на Претседателските и Парламентарните избори во 2024 година. Мониторингот на периодот пред започнување на изборната кампања се спроведува врз примерок од 9 програмски сервиси на државно ниво (два ТВ сервиси на МРТ и седум комерцијални ТВ сервиси), избрани врз основа на релевантни методолошки показатели за големината на публиката (просечен дневен досег над 2,5%) и за обемот на известување во претходните изборни процеси. Другите ТВ и радио сервиси ќе се анализираат по потреба, врз основа на претставки.

Во мониторингот се вклучени вработени во Агенцијата, како и четворица надворешни соработници, ангажирани преку агенција за привремени вработувања, избрана со јавна набавка.

Во текот на оваа седмица, Агенцијата испрати известување до сите радиодифузери, во кое беа потсетени за обврските од Изборниот законик во периодот пред почетокот на изборната кампања.

Веднаш по распишувањето на изборите, Агенцијата на својата веб страница постави посебен банер Избори 2024, во кој ќе се објавуваат сите документи поврзани со изборите и медиумското претставување.

Исто така, со распишувањето на изборите започнаа да се применуваат одредбите на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, а започна да функционира и Координативното тело кое ќе ја следи примената на Кодексот и ќе постапува по претставки, и во кое со свои претставници учествува и Агенцијата. Ние ја одржуваме и посебно креираната веб страница www.izborenkodeksonline.mk на која ќе се објавуваат сите податоци поврзани со Кодексот и работата на Координативното тело.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**